# CM 90

## EASYFLEX PLUS

#ГРАДИМЕЗАЕДНО

**Многу еластична, лесна маса за поставување плочки со мала количина прашина**
Флексибилен тенкослоен лепак за поставување керамички плочки на критични површини

## КАРАКТЕРИСТИКИ

- 30% поголема покривност
- До 90% помалку прашина
- Одлична обработливост
- Подолго отворено време
- Прилагодлива конзистенција за ѕидови и подови
- Нема ограничувања во должина на страна и големина на плочка (NO LIMIT)
- За дебелина на нанесување до 10 mm







## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit CM 90 е наменет за поставување керамички и изолациски плочи. Ceresit CM 90 создава еластичен слој и спречува појава на напрегања на критични површини. Погоден е за подно греење, балкони, тераси и фасади, особено на свежо излеани бетонски елементи (стари најмалку 3 месеци). Ceresit CM 90 може да се користи и за поправки и израмнување на површински нерамнини до околу 15 mm пред поставување плочки.

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГА

Ceresit CM 90 може да се користи на сите цврсти, носиви, чисти, суви и влажни површини кои не содржат супстанци што можат да влијаат на лепењето. Слабите и слабо прилепени слоеви мора да се отстранат.

**За внатрешна употреба:**

Да се користи Ceresit CT 17, CN 94 или CT 19 на калциум-сулфатни подлоги (механички зарапавени и исчистени од прашина; анхидритни/гипсени подлоги со остаток на влага < 0,5%, а кај подови со греење < 0,3%), потоа на лесен бетон, гипс-картон плочи и гипсени малтери (P IV a/b и P V, остаток на влага < 1,0%), гипсени и влакнести плочи, дрвени влакнести плочи (најмалку V 100, дебелина ≥ 22 mm), столарија, како и на сите силно впивливи површини. Основниот слој да се остави да се суши околу 4 часа. Не е потребен основен премаз на екструдирани полистиренски плочи, носачи за плочки, плочести облоги, подови од природен и вештачки камен, цврсто врзани површински премази, ниту на асфалт-мастик (GE 10 / GE 15, посипан со песок, не за индустриска употреба). Слоевите боја треба внимателно да се избрусат (доколку не се кредести и се добро врзани), да се отстрани прашината, а потоа по потреба да се грундира со неразреден Ceresit CT 19.

**За надворешна и внатрешна употреба:**

Фасади (стари најмалку 28 дена), цементни кошулици (стари најмалку 28 дена, остаток на влага < 2%, а кај подови со греење < 1,8%) и бетон (стар најмалку 3 месеци) кои припаѓаат на групите P II и P III можат директно да се обложуваат со плочки.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

Ceresit CM 90 се истура во чиста, бистра вода и се меша додека не се добие целосно хомогена смеса без грутки. Потоа, смесата се остава да отстои околу 5 минути, по што повторно се промешува. По потреба, конзистенцијата може да се прилагоди со мала количина вода. Смесата се нанесува на подлогата, водејќи сметка за отвореното време од 30 минути, во кое е потребно да се постават плочките. Да се користи назабена глетарка со соодветна големина, така што задната страна на поставената плочка да биде покриена со лепак најмалку 65%. Во надворешни услови треба да се примени комбиниран метод на нанесување на лепакот (на подлогата и на задната страна на плочката), со цел да се обезбеди 95% контакт помеѓу плочката и подлогата. Вишокот лепак може да се отстрани со вода, додека целосно исушениот лепак може да се отстрани само механички. Фугирањето се врши по приближно 12 часа.

## НАПОМЕНА

Содржината на растворлив Cr(VI) во производот е помала од 0,0002%, во рамки на рокот и условите за складирање пропишани од производителот. Содржи цемент. Со влага реагира многу алкално, да се заштитат кожата и очите. По контакт, веднаш да се исплакне со голема количина вода. По контакт со очите, да се побара и лекарска помош. На површини кои доаѓаат во допир со хемикалии треба да се користат други Ceresit производи за лепење плочки. Да се почитуваат предупредувањата и советите за безбедност и одлагање отпад наведени во безбедносниот лист.

## РОК НА ТРАЕЊЕ / СКЛАДИРАЊЕ

Да се чува на суво и ладно место. Рок на траење 12 месеци од датумот на производство отпечатен на вреќата.

## ПАКУВАЊЕ

Вреќа пд 15 kg.

## СОВЕТ ЗА ОДЛАГАЊЕ ОТПАД

Да се рециклира само целосно испразнета амбалажа. Остатоците од стврднат производ да се отстранат како индустриски отпад, слично на комунален отпад или во контејнер за комерцијален/градежен отпад. Нестрднати остатоци од производот да се одложат како опасен отпад. Индексен број на отпад: 17 01 06.

Покрај горе наведеното, исто така е важно да се почитуваат релевантните упатства, прописи и заеднички стандарди на различни организации и трговски здруженија. Горенаведените карактеристики се засноваат на практично искуство и спроведени испитувања. Гарантираните својства и можната примена што ги надминуваат оние гарантирани во овој информативен лист бараат наша писмена потврда. Сите наведени податоци се добиени при температура на околината и материјалот од +23°C и 50% релативна влажност на воздухот, освен ако не е поинаку наведено. Имајте предвид дека во други климатски услови стврднувањето може да се забрза или одложи и дека самиот производ подлежи на локални услови, како што се количината на вода и условите на стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

Информациите содржани во овој документ, особено препораките за употреба на нашите производи, се засноваат на нашето професионално искуство. Бидејќи материјалите и условите можат да варираат во зависност од планираната употреба и на тој начин се надвор од наше подрачје на влијание, силно препорачуваме во секој случај да се спроведат доволни испитувања со цел да се провери соодветноста на нашите производи за нивната планирана употреба. Законска одговорност не може да се прифати врз основа на содржината на овој технички лист или на усните совети, освен доколку од наша страна постои намерна измама или груба небрежност, или во случај на лична повреда или смрт, или во случај на одговорност согласно Законот за одговорност за производ.

Овој технички лист ги заменува сите претходни изданија релевантни за овој производ. Имајте предвид дека овој технички лист се однесува исклучиво на производот произведен на одредено место на производство.


Ceresit Together, we build for future generations
LOWER $CO_2$ CEMENT*
GEV-EMICODE EC 1 PLUS very low emission
Our plant operates with 100% RENEWABLE ELECTRICITY
* according to Cradle to Gate analysis from cement producer. More info on www.ceresit.com


## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | Лесни полнила и одбран песок, како и цементна смеса модифицирана со синтетички смоли за тенкослојна примена (намалена содржина на хром). EN 12 004, C2 TE S1 |
| Густина: | околу 0,9 kg/dm³ |
| Однос на мешање:<br>- вертикални површини:<br>- хоризонтални површини: | 7-8 l вода на 15 kg<br>7 l вода на 15 kg<br>8 l вода на 15 kg |
| Време на подготовка: | 5 минути |
| Време на обработка: | околу 2 часа |
| Работна температура: | од +5°C до +30°C |
| Отворено време: | најмалку 30 минути |
| Време за корекција: | минимум 15 минути, во зависност од подлогата и материјалот на подната облога |
| Фугирање на под: | после 16 часа |
| Фугирање на ѕид: | после 8 часа |
| Целосно оптеретување: | после 7 дена |
| | |
| Проодност: | после 16 часа |
| Preporučena veličina pločica: | ≤ 1,5 m² |
| Klizanje na vertikalnoj površini: | < 0,10 mm |
| Температурна отпорност: | од -30°C до +70°C |

## ПОТРОШУВАЧКА

| Длабочина на заб (mm) | Просечна потрошувачка CM 90 (kg/m²) |
|---|---|
| 4 | 1,0 |
| 6 | 1,3 |
| 8 | 1,8 |
| 10 | 2,1 |
| Среден слој | 3.5 |

Производот ги исполнува условите на стандардот EN 12004:2017.

| | |
|---|---|
| CE | |
| 19 | |
| Henkel Polska Operations Sp. z o.o., 02-672 Varšava, Domaniewska ulica 41 | |
| Ceresit CM 90 | |
| 00054 | |
| EN 12004-1:2017 + A1:2012 | |
| 1487 | |
| За поставување керамички плочки во внатрешни и надворешни услови | |
| Реакција на пожар | A1 |
| Цврстина на спој изразена како: | |
| Почетна цврстина на лепење | ≥ 1,0 N/mm² |
| Отпорност на: | |
| Цврстина на лепење по потопување во вода | ≥ 1,0 N/mm² |
| Цврстина на лепење по третман на греење | ≥ 1,0 N/mm² |
| Цврстина на прилепување по циклуси на замрзнување/одмрзнување | ≥ 1,0 N/mm² |
| Испуштање на опасни супстанци | Videti bezbednosni list |
| Документ достапен на www.ceresit.mk | |




This document was created and digitally signed by tdx.henkel.com at 2026-08-25T07:38:12.364Z